Bojan Marichikj
Digitally signed by Bojan Marichikj
Date: 2021.05.28 09:44:38 +02'00'

Република Северна Македонија
**Министерство за правда**
Сектор за општи работи

Бр. 05-1496/1
Скопје, 27-05-2021 година

Врз основа на **член 77** од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 05-270/1 од 21.01.2021 година, **министерот за правда м-р Бојан Маричиќ** ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за јавна набавка на услуги – сервисирање и одржување на лифтови во објектот на Министерството за правда**

1.За потребите на Министерство за правда, се донесува одлука за спроведување на постапка за набавка од мала вредност за доделување на договор за групна јавна набавка на услуга за сервисирање и одржување на лифтови во објектот на Министерството за правда за период од една година.

**2.**Предметот на набавка ќе се спроведе согласно склучениот Договор за извршување на групна набавка склучен согласно Спогодбата за заедничко уредување на меѓусебните права и обврски на корисниците заведена под број на Министерство за правда 03-1985/1 од 21.03.2018 год. на деловен објект на ул. „Димитрие Чуповски„ бр. 9 Скопје, а во врска со член 62 од ЗЈН.

**2.1 Предметот на набавка не е делив:**
Предметот на набавка е неделлив, бидејќи за услугата од ист тип на лифтови кај ист договорен орган не е целисходно постапката да биде деллива поради потребата од замена на резервни делови што претставува причина овој тип на услуга да ја врши ист економски оператор.

**3.**За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука предвидени се средства во ГПЈН за 2020 во износ од 450.000,00 без ДДВ 18% и ДДВ 18% во износ од 81.000,00 денари, односно вкупен износ со ДДВ 531.000,00 денари од кои:

- 360.000,00 ден. без ДДВ и 64.800,00 ден. ДДВ, односно 424.800,00 ден. вкупен износ со ДДВ се обезбедени од Буџетот на Министерство за правда на Република Северна Македонија за 2020/2021 од сметката 637 програма 10, ставка 424 поправка и тековно одржување и

- 90.000,00 ден. без ДДВ и 16.200 ден. ДДВ, односно 106.200,00 ден. со вкупен износ со ДДВ се обезбедени од Буџетот на Управата за извршување на санкции на Република Северна Македонија за 2020/2021 од сметката 637 програма 20 ставка 424 поправка и тековно одржување.

**4.** Договорот за јавна набавка да се додели со спроведување на постапка за набавка од мала вредност за доделување на договор за јавна набавка на услуги со објавување на оглас со користење на електронски средства преку ЕСЈН, која завршува со електронска аукција како последна фаза согласно член 48 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19).

**5.**Постапката да заврши со спроведување на електронска аукција како последна фаза во набавката од мала вредност согласно со член 59 од Закон за јавните набавки.

**6.**Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно член 99 од ЗЈН да биде економски најповолна понуда која се утврдува врз основа на најниска цена понудена по спроведена електронска аукција преку ЕСЈН.

**7.**Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на услуга кој ќе го потпишат сите договорни страни од договорот за групна набавка.

**8.**За целосна реализација на постапката на доделување на договор за јавна набавка се формира Комисија за јавна набавка во состав:

- Претседател: Петар Мирковиќ
- Член: Насер Ќамили
- Член: Драган Нешкоски - Управа за извршување на санкциите
- Заменик Претседател: Михајло Војтикив
- Заменик член: Орхан Сулимани
- Заменик член: Симон Јосифоски - Управа за извршување на санкциите


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

**9.** За реализирање на оваа постапка нема да се ангажираат надворешни стручни лица.

**10.** Се задолжува комисијата од член 8 да ја спроведе оваа одлука согласно со одредбите од член 79 од Законот за јавните набавки.

11.Плаќањето ќе се врши согласно склучениот Договор за извршување на групна набавка за услуга

12. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки 2021 потребно е да се спроведе постапка за доделување на договор за групна јавна набавка на услуга - сервисирање и одржување на лифтови во објектот на Министерството за правда.

Предметот на набавка е неделлив, бидејќи за услугата од ист тип на лифтови кај ист договорен орган не е целисходно постапката да биде деллива поради потребата од замена на резервни делови што претставува причина овој тип на услуга да ја врши ист економски оператор.

За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука од буџетот за 2021/2022 година утврдена е проценета вредност во износ од 450.000,00 денари без вклучен ДДВ, од истите средства за задоволување на потребите на министерството за правда со одлука број 05-14/6 од 08.01.2020година искористени се средства во износ од 25.000,00 денари без ДДВ.

Останатиот износ ќе се плаќа процентуално согласно Договорот за групна набавка, а вредноста на склучениот договор не смее да ја надмине поединечната вредност, утврдена во износи како во точка 3 од оваа Одлука.

Плаќањето ќе се изврши согласно точка 3 од оваа Одлука.

Согласно на горенаведеното донесов одлука како во диспозитивот.

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

Министер за правда
м-р Бојан Маричиќ

Подготвил: Марина Миновска, раководител на одделение
Контролирал: Убавка Матевска Скаловска, Раководител на сектор


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification